Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ СОБИРИ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните собири,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 февруари 2006 година.

Број 07-675/1
9 февруари 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ СОБИРИ**

Член 1

Во Законот за јавните собири (“Службен весник на Република Македонија” број 55/95), по членот 1 се додава нов член 1-а, кој гласи:

“Член 1-а

Правото на граѓаните на мирно собирање може да се оствари на начин со кој мирно ќе го изразуваат јавниот протест и притоа нема да се ограничува правото на граѓаните кои не учествуваат во јавниот собир на слободно движење и другите права утврдени со Уставот на Република Македонија.”

Член 2

Во членот 2 став 1 по зборот “собири” се додаваат зборовите: “на повеќе од 20 граѓани”.

Член 3

По членот 2 се додава нов член 2-а, кој гласи:

“Член 2-а

Јавен собир заради мирно изразување на мислење или протест може да се одржува на секое место кое е соодветно за таа намена, освен:

- до здравствени установи, на начин кој го оневозможува пристапот на возила на брза помош и го нарушува мирот на болните,

- до детски градинки и училишта додека децата престојуваат во нив и

- на автопатишта и магистрални патишта, на начин со кој се загрозува патниот сообраќај.”

Член 4

Во членот 3 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

“Известувањето за јавен собир од ставот 1 на овој член се поднесува во подрачната единица на Министерството за внатрешни работи на чие подрачје се одржува јавниот собир најдоцна 48 часа пред почетокот на одржувањето на јавниот собир.”

Ставот 2 станува став 3.

Член 5

Во членот 5 точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “како и алкохолни пијалаци и опојни дроги”.

Член 6

Во членот 9 став 1 зборовите: “од четири до дваесет  плати” се заменуваат со зборовите: “од 50.000 до 200.000 денари”.

Во ставот 2 зборовите: “од една до две ипол  плати” се заменуваат со зборовите: “од 10.000 до 30.000 денари”.

Член 7

Во членот 10 став 1 зборовите: “од една петтина до една половина од плата” се заменуваат со зборовите: “од 10.000 до 30.000 денари”, а во точката 3 по зборот “собир” се додаваат зборовите: “како и алкохолни пијалаци и опојни дроги”.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.